


**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ЕУ ЦЕНТАР**


# *ЕУ ВЕСТИ*






***Септември 2020 година***
***ЕУЦ-број 54/2020***


## СОСТАНОК НА ЕВРОПСКИОТ СОВЕТ

### Содржина на вести:


| | |
|---|---|
| Состанок на Европскиот совет | 1 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2 |
| Состанок на Советот за општи работи на ЕУ | 3 |
| Избори за Сенатот во Франција | 3 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 4-5 |
| Договор за зајакнување на соработката на ЕК и СЗО за Европа | 5 |
| Извештај за вработеноста и социјалната состојба во Европа | 6 |
| Нов дигителан финансиски пакет на ЕК | 6 |
| Меѓународен ден на демократијата | 7 |
| Владеење на правото во ЕУ | 7 |
| Иницијатива за зајакнување на органското земјоделство во ЕУ | 8 |
| Зголемена невработеноста во Еврозоната | 8 |
| Нов финансиски пакет за здравството во Германија | 9 |
| Референдум за уставни промени и регионални избори во Италија | 9 |
| Интероперабилност на апликациите за COVID-19 во Европа | 10 |
| Стапка на вакцинација на возрасната популација во ЕУ | 10 |
| Кои странски јазици се изучуваат во ЕУ | 11 |
| ЕУ календар / октомври 2020 | 11 |


Европскиот совет одржа специјален состанок на 1 и 2 октомври 2020г. во Брисел, каде лидерите на ЕУ дебатираа за надворешната и безбедносна политика и економската политика на ЕУ. На агендата на самитот беа односите меѓу ЕУ и Кина, ситуацијата во Белорусија, конфликтот во Нагорно-Карабах, состојбата со пандемијата на Covid-19, единствениот пазар, индустриската политика и дигиталната транзиција.

Европскиот совет повторно искажа целосна солидарност со Грција и Кипар, нагласувајќи дека во стратешки интерес на ЕУ е стабилно и сигурно опкружување на Источниот Медитеран и развој на взаемно корисни односи со Турција базирани на соработка. Беа поздравени преземените чекори на Грција и Турција и најавата да се продолжи со прелиминарните разговори. Во случај на нови и еднострани акции или провокации со кои се крши меѓународното право, ЕУ ќе ги искористи сите инструменти во одбрана на своите и интересите на земји-членки.

Советот ги повика властите во Белорусија да преземат чекори за надминување на состојбата и ставање крај на насилството.

Лидерите на ЕУ потсетија на целта до крајот на 2020г. да се финализираат преговорите за сеопфатен договор ЕУ-Кина за инвестиции.

Во дебатата за состојбата со пандемијата Covid 19, беа повикани Советот на ЕУ и Европската комисија, да ги зајакнат напорите во координацијата како и работата на развој и дистрибуција на вакцина на ниво на ЕУ.

Европскиот совет повика на строга примена на правилата на единствениот пазар на ЕУ, отстранување на неоправдани препреки особено во делот на услугите, на ажурурање на европската рамка за пазарна конкуренција, вложување во образованието и вештините.

Во однос на индустриската политика, лидерите на ЕУ повикаа на потребата за обезбедување на рамноправни услови и регулаторна рамка за државна помош за инвестиции, развој на нови индустриски сојузи, зголемување на помошта за постојните важни проекти и проекти од заеднички европски интерес.

Лидерите на ЕУ го очекуваат Предлогот на актот за дигитални услуги, што до крајот на 2020г. треба да го претстави Комисијата. Дополнително Комисијата беше повикана, во март следната година да претстави Дигитален компас за конкретни дигитални амбиции на ЕУ за 2030г. Беше постигнат договор, најмалку 20% од средствата од Механизмот за опоравување, да бидат достапни за дигиталната транзиција.

Лидерите на ЕУ беа запознати за текот на преговорите со Европскиот парламент во врска со Повеќегодишната финансиска рамка.

Европскиот совет ја поздрави Европската стратегија за податоци и ја повика Комисијата да даде приоритет на секторот за заеднички здравствени податоци кој се очекува да биде готов до крајот на 2021г.

На крајот од самитот на ЕУ во Брисел, беа изнесени информации за преговорите со Велика Британија.

Повеќе за заклучоците од Европскиот совет на следниот линк: https://www.consilium.europa.eu

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

www.europarl.europa.eu

### Сесија на Европскиот парламент 14-17 септември 2020

Претседателката на Европската комисија, Урсула фон дер Лајен во говорот за состојбата на ЕУ, меѓудругото го истакна и следното: *"Довербата е основа на секое силно партнерство и Европа секогаш ќе биде подготвена да гради силни партнерства со најблиските соседи, почнувајќи од Западен Балкан".*

Во резолуција усвоена со 543 гласа европратениците повикаа на поголема поддршка за заштита, обновување и одржливо управување со шумите, заштита на биодиверзитетот и препознавање на продуктивноста на шумите и услугите на екосистемот.

Европратениците ги осудија постапките на Турција во грчката и кипарската ексклузивна економска зона и изразија целосна солидарност со двете земји-членки на ЕУ, како и загриженост за тековниот спор и поврзаниот ризик од натамошна воена ескалација помеѓу земјите-членки и земја-кандидат за ЕУ.

Во усвоена резолуција со 513 гласа европратениците изразија загриженост во врска со законодавниот и изборниот систем, независноста на судството и основните права во Полска. Европскот парламент изрази силно жалење за масовното апсење на „Полскиот Стоунвол" и за последователниот третман на 48 ЛГБТИ активисти на 7 август годинава.

Европратениците ја нагласија потребата од зајакнување на Механизмот за цивилна заштита на ЕУ со цел подобар европски одговор на итни случаи од големи размери, како што е Covid-19.

Во преговорите за буџетот на ЕУ и Фондот за обнова, Европарламентот даде поддршка за значително зголемување на буџетот.

Европратениците со 520 гласа го усвоија Предлогот на Комисијата за ревизија на системот на ЕУ за следење, известување и проверка на емисиите на CO2 од поморскиот транспорт кој останува единствен сектор без посебни обврски за намалување на емисиите на стакленички гасови.

Со мислење усвоено со 455 гласа европратениците дадоа поддршка на потребата за воведување нови извори на приходи во буџетот на ЕУ поврзани со Планот за закрепнување на „Следната генерација на ЕУ". Со мислењето се забрзува постапката за усвојување на Одлука за сопствени ресурси од страна на Советот на ЕУ која потоа треба да се ратификува од земјите-членки. Унијата очекува да бидат мобилизирани околу 750 милијарди евра, за Планот за закрепнување.

На пленарната сесија европратениците побараа поголема поддршка за регионите, заради успешна енергетска транзиција. Се инсистира на значително зголемување на ресурсите на Фондот за транзиција, од буџетот на ЕУ за 2021-2027, или 25 милијарди евра во 2018г. споредено со 11 милијарди евра предложени од Комисијата и намалувањето за 7,5 милијарди евра договорено од Европскиот совет.

Во усвоената резолуција со 341 гласа, европратениците повикаа на зајакнување на јавниот надзор над извозот на воена опрема и технологија произведена во ЕУ. Според истражувањето на Меѓународниот институт за мировни истражувања во Стокхолм, извозот на оружје од ЕУ изнесува околу 26% од вкупниот глобален износ за 2015-2019г, што ја прави ЕУ втор по големина снабдувач на оружје во светот, после САД (36%) и Русија (21%).

Европратениците ја поздравија EU4Health - новата здравствена програма на ЕУ и побараа од Комисијата да ја спроведе фармацевтска стратегија да обезбеди достапност и пристап до безбедни лекови и да истражи начини за обновување на производството на фармацевтски производи во Европа.

Европскиот парламент со 545 гласа усвои резолуција со која нагласи дека поради постојан антициганизам, Ромите во Европа постојано страдаат од највисоки стапки на сиромаштија и социјално исклучување. Европратеницие повикаа на инклузивно образование, ран детски развој и крај на дискриминацијата и сегрегацијата.

Европратениците одобрија 6,2 милијарди евра за справување со кризата од Covid-19, од кои 1,1 милијарди евра за развој и распоредување на вакцината и 5,1 милијарди евра за зајакнување на кохезионите фондови на ЕУ.

## СОСТАНОК НА СОВЕТОТ ЗА ОПШТИ РАБОТИ НА ЕУ

Советот за општи работи на ЕУ на 22 септември годинава одржа состанок во Брисел, каде министрите одговорни за европски прашања го поддржаа повикот за подобра координација, комуникација и усогласување на мерките за заштита на јавното здравје, за време на вториот бран на пандемијата на Covid -19 во Европа.
Мишел Барние, главниот преговарач на ЕУ за Брегзит, во обраќањето на затворената сесија на состанокот на Советот, ги извести министрите за состојбата на преговорите меѓу ЕУ и Велика Британија и спроведувањето на договорот за повлекување.
На состанокот се разгледала тековната состојба за преговорите со Европскиот парламент за повеќегодишната финансиска рамка и пакетот за реконструкција, договорен од Европскиот совет во јули годинава. На состанокот беше претставен Извештај на Европската комисија за стратешки предвидувања за 2020г. и Програма за работа на Комисијата за 2021г.



Германија, како актуелен претседавач со Советот на ЕУ, го повика Европскиот центар за превенција и контрола на болести (ECDC) да изготви мапа и да обезбеди сеопфатен и уникатен сет на податоци за состојбата во ЕУ-27 во однос на бројот на нови инфекции и стапки на тестирање на 100.000 жители, големината на населението, стапките на хоспитализација и смртност.

https://www.eu2020.de

## ИЗБОРИ ЗА СЕНАТОТ ВО ФРАНЦУСКАТА РЕПУБЛИКА

На 28 септември годинава во Франција се одржаа избори за Сенатот - горниот дом на парламентот, на кои групата Републиканци го задржа мнозинството со освоени 71 места. Половината од вкупно 348 места во францускиот Сенат се реизбираат на секои три години во 59 департмани и четири прекуокеански територии. Реизборот на шестмина сенатори кои ги претставуваат француските граѓани во странство беше одложен за 2021г. поради пандемијата со Covid-19.
Зелената партија која победи во повеќе градови на Франција на општинските избори во јуни годинава, освои 6 места во Сенатот. Заедно со 5-те сенатори избрани во 2017г. имаат доволен број места за формирање политичка група во Сенатот.
Социјалистичката група останува водечка опозициска формација во Сенатот со освоено 71 место.
Комунистичката партија освои 2 сенатори, а Националниот собир (поранешниот Национален фронт) наспоти очекувањата успеа да го задржи единственото сенаторско место.
Два предлог-закони, предложени од Сенатот на 30 јули 2003г. го ажурираат и модернизираат статусот на сенаторите и изборниот процес. Реформата обезбедува подобра застапеност на локалните тела и нивното население, целосно имплементирана за изборите во 2011 година.



Бројот на сенаторски места е прилагоден на демографската еволуција: до реформата беа избирани 321 сенатори, 331 помеѓу изборите во 2004г. и изборите во 2008г., 343 после изборите во 2008 г. и 348 од изборите во 2011 година.
Како поддршка на 348 сенатори вклучени се околу 2000 специјализирани државни службеници и парламентарни соработници.
Жерар Ларше од партијата на Републиканците, на 1 октомври годинава по четврти пат беше избран за претседател на Сенатот, со мандат од три години.

https://www.euronews.com/

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



Претседателот на Собранието, Талат Џафери на 25 септември годинава оствари средба со Борут Пахор, претседател на Република Словенија, кој престојуваше во дводневна посета на нашата држава. На средбата Џафери упати благодарност за поддршката на словенскиот тим и донацијата во опрема за справување со пандемијата предизвикана од Covid-19 на нашата држава.

Во рамки на посетата претседателот на Словенија Борут Пахор имаше свое обраќање пред пратениците во Собранието. „Република Словенија ќе продолжи да Ве поддржува на патот кон полноправно членство во Европската унија“ истакна Пахор во своето обраќање.

www.sobranie.mk

Претседателот на Собранието, Талат Џафери на 21 септември 2020г. оствари средба со новоименуваниот амбасадор и шеф на Делегацијата на Европската унија во Северна Македонија, Дејвид Гир. На средбата Џафери ја нагласи досегашната успешна соработка со Делегацијата на ЕУ во земјата, континуираната соработка со Европскиот парламент и работата на Мешовитиот парламентарен комитет – Република Северна Македонија и ЕУ. Амбасадорот Гир на средбата ја потенцираше улогата на Комисијата за европски прашања во текот на преговорите за членство во ЕУ. Тој ја истакна потребата од донесување на Законот за анти-дискриминација, измените на Изборниот законик согласно препораките на ОБСЕ/ОДИХР и Венецијанската комисија, експертска поддршка на Комисиите за надзор над безбедносните служби и целосна функционалност на Советот за граѓански надзор.





На 18 септември претседателот на Собранието Талат Џафери оствари средба со Гент Цакај, овластен министер за Европа и надворешни работи на Албанија, на која беше истакната регионалната соработка како клучен сегмент за европската перспектива на регионот. Започнување на преговорите за членство во ЕУ до крајот на годинава, претставува главен приоритет на двете земји истакнаа двајцата соговорници на средбата.

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА

Генералната секретарка на Собранието, Цветанка Иванова на 30 септември 2020г. учествуваше на Интернет-состанок за добри практики и актуелни предизвици во парламентите на Западен Балкан за време на пандемијата предизвикана од COVID-19. Состанокот беше организиран во рамките на Иницијативата за зајакнување на законодавството на Западен Балкан (WBLSI), на кој учество зедоа генералните секретари од парламентите во Скопје, Тирана, Сараево, Подгорица, Загреб, Приштина и Белград. Во своето обраќање г-ѓа Иванова нагласи дека од особена важност се одржувањето на транспарентноста, отчетноста, застапеноста и учеството на граѓанското општество во парламентарните процеси во услови на справување со пандемијата.





Заменик-генералниот секретар на Собранието, Мики Милковски, на 30 септември годинава учествуваше на Е-конференција на тема: „Отворено владино партнерство - дијалог за Националниот акциски план 2021-2023“. Во своето обраќање Милковски се осврна на сработеното во мандатниот период 2016-2020 во кој раководството на Собранието за првпат ги дефинираше стратешките цели на институцијата преку донесување на Стратешки план за периодот 2018-2020.

## ДОГОВОР ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА И СЗО ЗА ЕВРОПА

Регионалниот комитет на Светската здравствена организација за Европа (СЗО) и Европската комисија на 29 септември годинава постигнаа договор за зајакнување на партнерството и прилагодување на новите здравствени приоритети и предизвици.
Според соопштението од годишното заседание на Регионалниот комитет на СЗО за Европа, договорено е поблиско партнерство во 5 приоритетни области од заеднички интерес.
Приоритетите вклучуваат: безбедност од заканите по здравството; ефикасни, достапни, одржливи и иновативни здравствени системи; сеопфатен одговор на незаразните болести, пред сè ракот; одржливи системи за храна и здравје; и здравствена соработка со земји од европскиот регион кои не се членки на СЗО.
Во наредните месеци се очекува да се развие конкретен план за проекти и чекори за соработката.



https://eeas.europa.eu

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ВРАБОТЕНОСТА И СОЦИЈАЛНАТА СОСТОЈБА ВО ЕВРОПА




Европската комисија на 15 септември 2020г. објави Извештај за вработеноста и социјалната состојба во ЕУ. Извештајот се објавува секоја година, овој пат е фокусиран на пандемијата од Covid-19, чии штети според ЕК, најефикасно ќе се санираат доколку земјите-членки на ЕУ максимално ги искористат решенијата од дигиталната и еколошката транзиција.

Од суштинско значење за надминување на кризата е зајакнувањето на социјалната еднаквост, се нотира во Извештајот. За да се обезбеди отпорност, солидарност и кохезија, реакцијата на ЕУ мора приоритетно да се фокусира на вработеноста, намалувањето на нееднаквоста и обезбедувањето еднакви можности, изјави Еврокомесарот за труд и социјала, Николас Шмит.

Зајакнување на социјалната отпорност на европските општества ќе се постигне со инклузивно, праведно и одржливо економско заздравување, истакна извршната европска власт.

Комисијата предупредува дека пандемијата од Covid-19 го загрозува досегашниот социјален напредок, од причини што економскиот шок е поголем од кризата во 2008г, а најпогодени се најранливите групи во општеството.

Комисијата констатира дека воведувањето на минимална плата има позитивно влијание во делот на социјалната политика и инсистира на подобрување на социјалната еднаквост и вложување во социјални мерки заедно со неопходната еколошка транзиција.

Според Европската комисија, потребни се мерки за привремени социјални бенефити за невработеноста за да се ублажат штетните последици од кризата.

https://ec.europa.eu

## НОВ ДИГИТАЛЕН ФИНАНСИСКИ ПАКЕТ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА




Европската комисија на 24 септември годинава усвои нов Пакет за дигитални финансии кој вклучува стратегии за дигитални финансии и плаќања на мало и законски предлози за крипто-средства и дигитална еластичност.

Новите правила ќе ги зголемат конкурентноста и иновативноста во финансискиот сектор, давајќи можност Европа да стане глобален фактор во поставувње на стандарди.

Комисијата има за цел да ги зајакне иновациите на европскиот финансиски сектор, особено високо иновативните дигитални старт-ап компании.

Целта на *Стратегијата за дигитални финансии* е да ги направи европските финансиски услуги подигитални и да стимулира одговорна иновација и конкуренција меѓу давателите на финансиски услуги во ЕУ.

*Стратегијата за плаќања на мало* има за цел да воведе безбедни, брзи и сигурни услуги за плаќање на европските граѓани и бизниси.

*Регулативата на Пазарите во крипто средства* (MiCA) ја зајакнува финансиската стабилност и обезбедува јасност и сигурност за издавачите и давателите на крипто-средства.

*Предлог– законот за дигитална оперативна отпорност“* (DORA) има за цел да обезбеди сите учесници во финансискиот систем да ги имаат потребните заштитни мерки за ублажување на сајбер нападите и другите ризици. Новиот пакет за дигитални финансии го надополнува Акциониот план на ФинТех (FinTech) од 2018г. и работата на Европскиот парламент, Европските надзорни органи (ESAs). Европските надзорни органи се дел од голема мрежа на агенции на ЕУ и се класифицирани како регулаторни агенции, а нивните главни задачи се развој и комплетирање на „единствен правилник“ за финансискиот систем на ЕУ.

https://ec.europa.eu

## МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ДЕМОКРАТИЈАТА

По повод Меѓународниот ден на демократијата 15 септември, Европска унија препорача да се преземат зголемени напори за да се заштити и зајакне демократијата во ЕУ и во светот.

Во заедничкото соопштение шефот на дипломатијата на ЕУ, Жозеп Борел и потпретседатлката на Европска комисија задолжена за демократија Дубравка Шуица, ги поздравија и ги поддржаа сите кои ширум светот се борат за демократските вредности.

Демократијата денес се соочува со предизвици, и е влошена поради пандемијата со коронавирусот. Светот се соочува со кршење на граѓанските слободи, независни медиуми и новинари, зголемување на поларизацијата, намалување на довербата на луѓето во демократските институции.

Европската унија е заснована на силен ангажман за промовирање и заштита на демократијата, паралелно со човековите права и владеењето на правото. Без демократија, мир и стабилност не може да постои долгорочен развој и просперитет, се наведува во заедничкото соопштение.




https://ec.europa.eu

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Европската комисија на 30 септември годинава го објави првиот Извештај за состојбата со владеење на правото во земјите-членки на ЕУ.

Извештајот се фокусира на 4 клучни аспекти на владеење на правото: правосудните системи, антикорупциска регулатива, слободата на медиуми и институционални механизми за демократски надзор.

Содржината на извештаите за секоја земја-членка не е непозната за јавноста, а целта на нивното објавување е да се добие сеопфатен преглед на состојбата во сите земји членки на Унијата.

Извештајот дава можност за преземање на нови чекори во промоција на културата на правната држава и треба темелно да се разгледа од земјите-членки.

“Ако во ЕУ не се почитува владеењето на правото, како може ЕУ да биде кредибилна кога зборува за своите вредности пред земјите кандидати” - изјави Европскиот комесар за правда, Дидие Рејндерс.

Владеењето на правото е темелот врз кој почива ЕУ. Прашањето за владеење на правото беше покренато по влошување на односите во Унгарија и Полска предизвикувајќи тензии во Будимпешта и Варшава.

Министерката за правда на Унгарија, Јудит Варга го оцени Извештајот за „апсурден и неточен, кој не може да биде основа за поширока расправа во ЕУ”.



Во извештајот се наведува „силна загриженост” за независноста на судството во Унгарија, но и во Полска, Бугарија, Романија, Хрватска и Словачка.

Германија, актуелен претседавач со Советот на ЕУ ќе организира две дебати за владеење на правото во ЕУ. Во октомври се планира да се одржи општа хоризонтална дебата, а во ноември да се разгледаат специфичните препораки одделно за секоја земја-членка на ЕУ.

https://ec.europa.eu

## ИНИЦИЈАТИВА ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ОРГАНСКОТО ЗЕМЈОДЕЛСТВО ВО ЕУ



Европската комисија на 04 септември 2020г. започна јавна консултација за Акцискиот план за органско земјоделство, со цел цел да добие информации за од граѓаните, националните власти и релевантните засегнати страни. Прашалникот ќе биде достапен на интернет до 27 ноември годинава.
Европската комисија, на барање на земјите-членки, Европскиот парламент и др. засегнати страни, предложи новите правила за органско земјоделство да се применат една година подоцна, односно од 01 јануари 2022г. Одложувањето ќе овозможи дополнително време за неопходни консултации и законодавна контрола, а индустријата и земјите-членки целосно да се подготват за спроведување на новите правила.
Идниот Акциски план за органско земјоделство што треба да се донесе на почетокот на 2021г. претставува важен инструмент за идниот раст на секторот.
Стратегиите на Комисијата „Од фарма до вилушка“ и „Биолошка разновидност“ вклучуваат цел за достигнување на 25% од земјоделското земјиште под органско земјоделство до 2030г. За постигнување на оваа цел, Европската комисија воспоставува и ги користи клучните алатки:

- *Акциски план за органско земјоделство* со 3 клучни области на дејствување: стимулирање на побарувачката за органски производи со одржување на довербата на потрошувачите; поттикнување на зголемувањето на областа под органско земјоделство во ЕУ; и зајакнување на улогата на органското производство во борбата против климатските промени и загубата на биодиверзитетот;
- *Ново органско законодавство* - правила кои гарантираат фер конкуренција за земјоделците, спречувајќи измама и одржување на довербата на потрошувачите;
- *Европска политика за промоција* на земјоделските производи: Комисијата планира да одвои буџет од 40 милиони евра за органско земјоделство во рамките на политиката за промоција во 2021г.

https://ec.europa.eu/commission

## ЗГОЛЕМЕНА НЕВРАБОТЕНОСТА ВО ЕВРОЗОНАТА



Според проценките на Заводот за статистика на ЕУ во јули годинава во ЕУ невработени биле 15,184 милиони лица, од кои 12,793 милиони во еврозоната.
Олеснувањето на мерките за борба против Covid-19 немаше влијание на невработеноста во земјите од еврозоната, која се искачи на 7,9% во јули, во споредба со 7,7% во јуни претходниот месец, покажуваат податоците од последниот извештај на Евростат.
Бројот на невработени во месец јули е зголемен за 336.000 во ЕУ и за 344.000 во еврозоната.
Невработеноста кај младите на возраст под 25 години во јули 2020г. достигнала 2,906 милиони во ЕУ, од кои 2,338 милиони во еврозоната.
Во споредба со јуни 2020г., невработеноста кај младите се зголемила за 37.000 во ЕУ и за 29.000 во еврозоната.

https://ec.europa.eu/eurostat

## НОВ ФИНАНСИСКИ ПАКЕТ ЗА ЗДРАВСТВОТО ВО ГЕРМАНИЈА




Германската Влада ќе издвои четири милијарди евра до 2026г. за зајакнување на здравствениот систем, за креирање нови рботни места, дигитализација и развој на одржлив здравствен сектор. Помошта ќе се доделува на федералните покраини во шест транши до 2026 г.

Федералниот министер за здравство на Германија, Јенс Шпан на прес-конференција на 8 септември годинава го презентира постигнатиот договор т.н. „Пакт за јавно здравје” кој се очекува ќе креира најмалку 1.500 нови работни места до крајот на 2021 година, истакна министерот Шпан.

Целта на договорот е до крајот на 2022г. да се креират најмалку 5.000 нови работни места за лекари, квалификуван персонал и административен персонал во областа на јавното здравство.

Повеќе од 3 милијарди евра ќе бидат издвоени за креирање на дополнителни 3.500 работни места до 2026г.

Дополнителни 800 милиони евра од пакетот ќе се инвестираат во дигитализација за воспоставување на поврзан систем на современи здравствени оддели на сите нивоа.

Дополнителни 50 милиони евра се наменети за меѓународните аеродроми и пристаништа, за набавка на специјална опрема според меѓународните здравствени регулативи.

https://www.bundesregierung.de

## РЕФЕРЕНДУМ ЗА УСТАВНИ ПРОМЕНИ И РЕГИОНАЛНИ ИЗБОРИ ВО ИТАЛИЈА




Во Италија на 20 и 21 септември годинава се одржа неформален рефендум за уставни промени, за намалување на бројот на пратеници во националниот парламент за 1/3. Излезноста на референдумот беше 53%, под јаки мерки на заштита поради корона вирусот, се одржаа и регионални избори.

Со предлогот кој помина во Парламентот, но не со 2/3 мнозинство потребно за истиот да биде изгласан без референдум, бројот на пратеници во долниот дом се намалува од 640 на 400, и во Сенатот од 315 на 200.

Во иднина на 151.000 жители ќе се избира еден пратеник наместо на досегашните 96.000 жители. Еден сенатор ќе се избина на 302.000 жители наместо на 188.000 како што беше досега.

Предлогот за намалување на бројот на пратеници беше вклучен во договорот меѓу партијата на десничарската Лига и Движењето „Пет Ѕвезди“ од 2018г.

Италија избираше гувернери во 7 италијански региони: Кампанија, Маркез, Лигурија, Пулја, Тоскана, долината Аоста и Венето. Избори за градоначалник се одржаа во 1.000 италијански градови, додека главниот избор се водеше во Тоскана, каде кандидатот нал евицата, Еугенио Џани освои околу 47% од гласовите во однос на 40% на противкандидатката Сузана Чекарди од десничарската Лига на Матео Салвини.

https://www.euronews.com

## ИНТЕРОПЕРАБИЛНОСТ НА АПЛИКАЦИИТЕ ЗА COVID-19 ВО ЕВРОПА




Европската комисија ги тестира техничките можности на апликациите за следење на епидемијата со коронавирусот, кои треба да станат интероперабилни за користење во ЕУ.
Комисијата од 14 септември 2020г. започна тестирање на апликациите во шест земји-членки: Чешка, Данска, Германија, Ирска, Италија и Летонија. Повеќето земји-членки воведоа апликации за следење на контактите и за алармирање, но за тоа да функционира потребно е да се овозможи взаемна интеракција.
Европскиот комесар за здравство, Стела Кириакидес, истакна дека колку повеќе се користат апликациите толку поефикасна ќе биде борбата против корона вирусот.
Сите земји на ЕУ немаат апликации за следење на контактите во моментов. Комисијата иако не може да ги задолжи земјите, силно препорачува воведување на ваква мобилна апликација.

https://ec.europa.eu

## СТАПКА НА ВАКЦИНАЦИЈАТА НА ВОЗРАСНАТА ПОПУЛАЦИЈА ВО ЕВРОПА

Во Европската унија во 2018г. околу 41% од популацијата на возраст над 65 години биле вакцинирани против сезонски грип.
Меѓу 23-те земји-членки на ЕУ за кои има достапни податоци, постојат значителни разлики во бројот на лица вакцинирани против грип. Речиси 7 од 10 лица на возраст над 65 години (69%) биле вакцинирани во Ирска, помал број во Холандија (63%), Португалија (61%, податоци за 2017) и Белгија (59%), додека помалку од 10% од постарата популација биле вакцинирани во Латвија (8%).
Промената на демографијата ширум светот во стареењето на општество има значајни импликации врз јавната здравствена политика и фармацевтските иновации.
Колебливоста кон вакцините кај помладата популација ја зголемува веројатноста за циркулирање на заразните болести, а со тоа и изложеноста. Од друга страна, клиничките испитувања продолжуваат да демонстрираат дека сегашната формулација за вакцини против грип останува доста ефикасна во намалувањето на морбидитетот.

https://ec.europa.eu/eurostat



## КОИ СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ СЕ ИЗУЧУВААТ ВО ЕВРОПА

Еуростат дава сеопфатна слика за учењето странски јазик во основните и средните училишта на земјите-членки на ЕУ и земјите кандидати. Познавањето странски јазици е основна алатка за културна размена.

Во ЕУ, 48% од учениците во средното средно образование изучувале два или повеќе странски јазици во 2018 година. Учеството е поголемо од 80% во Романија (98%), Финска (94%), фламанската заедница на Белгија (84%) и Луксембург (82%). Во Грција, само 1% од учениците во средното образование изучувале два или повеќе странски јазици во 2018 година.

Англискиот јазик е најчесто изучуван странски јазик во средното образование во ЕУ. Скоро 87% од учениците научиле англиски јазик во средното образование во 2018 година. По англискиот следува францускиот јазик (19%), германскиот и шпанскиот (заедно околу 18%).

Во 2018 година, во сите земји-членки на ЕУ повеќе од 65% од учениците запишани во средно образование го изучувале англискиот како странски јазик, со исклучок на Данска (57%). Рускиот јазик беше најчесто изучуван јазик надвор од ЕУ во 2018 година (2%), особено во Латвија (48%), Естонија (44%), Бугарија и Литванија (заедно околу 26%).




https://ec.europa.eu/eurostat

---

*ЕУ КАЛЕНДАР / октомври 2020*

*1. Две пленарни сесии на Европскиот парламент, 05-08/10/2020 и 19-22/10/2020, Стразбур, Франција;*
*2. Состанок на Советот за надворешни работи на ЕУ, 12/10/2020, Луксембург.*
*3. Комуникација на Европската комисија за политиката на ЕУ за проширување и Пакетот за проширување 2020 - 06/10/2020, Брисел.*
*4. Сесија на Европскот комитет на региони 2020, 12-14/10/2020, Брисел.*
*5. Светски самит за здравство, 25-27/10/2020, Берлин.*
*6. Конференција за млади, миграции и демографски кризи во Западен Балкан, 28-30/10/2020, Берлин.*




**Корисни линкови за електронски публикации на ЕУ:**
https://publications.europa.eu/en/home
https://europa.eu/european-union/documents-publications
http://www.europarl.europa.eu/visiting/en/brussels/parlamentarium

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО**

Адреса: 11 Октомври бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локал 414 и 289
Факс: +389 2 3 182 277
E-mail: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk

*Во Собранието беше спроведен ИПА Проект за "Техничка помош за Парламентот", во периодот од јануари 2011 до јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*

*Во рамките на ИПА проектот, беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување на ЕУ центар во Собранието.*

*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата да им се обезбеди подобар пристап до информации поврзани со ЕУ прашања.*

*ЕУ центарот организациски е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции.*

*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




